LinkAcross
Global partnerships, Local impact

ЛинкАкрос – Скопје, Подружница во РМ
Антон Попов 1/4-10
1000 Скопје, Република Македонија
Тел: +389 2 322 0426

**Отворено е детско игралиште во дворот на Клиниката за детски болести во Скопје**

На 13 јуни свечено се отвори детското игралиште пред влезот на Клиниката за детски болести во Скопје. Игралиштето е изградено од Американската невладината организација ЛинкАкрос, во партнерство со софтверската компанија Армедиа, и Клиниката за детски болести. Во изградбата учествуваа вработени од Армедиа, како и други волонтери. Игралиштето е изградено од природен и квалитетен материјал и ќе биде прекрасно место за разонода на дечињата и нивните семејства додека ја посетуваат болницата.

Ова игралиште е второто од ваков тип изградено во партнерство меѓу ЛинкАкрос и Армедиа. Минатата година заедно реализираа сличен проект во основното училиште Кирил и Методиј во Стајковци.

Со овој проект се продолжува долгогодишната успешна соработка помеѓу ЛинкАкрос и Клиниката за детски болести во Скопје, како што во минатото беше проектот за отварање на педијатриски ургентен центар во болницата, како и воведување на нови методи на одделението за интензивна нега преку размена на искуство со Американски доктори.

ЛинкАкрос во партнерство со Армедиа планираат да ја продолжат ваквата традиција и во иднина да реализираат проекти кои што се од јавен карактер, со цел подигнување на социјалната одговорност.